Доколку корупцијата и организираниот криминал се разгледуваат како состојби кои имаат иста позадина и бараат поврзани мерки за нивно сузбивање, се доаѓа до заклучок дека тие за граѓаните се подеднакво голем проблем како и егзистенцијалните прашања - покажа Извештајот за проценка на корупцијата од 2018 г . Дополнително резултатите покажуваат дека граѓаните не се оптимисти дека се можни позначајни позитивни промени во поглед на намалување на корупцијата и тоа е проследено со ниската доверба во институциите (особено кај ДКСК, кај судовите и кај ЈО) задолжени за спречување и гонење на корупцијата. Ваквата состојба негативно може да влијае врз успехот на актуелните и на идните антикорупциски јавни политики.




Резултатите меѓу другото покажуваат дека мнозинство граѓани (63,7%) сметаат дека ДКСК ги штити интересите на поединци, наспроти 12,7% кои веруваат дека ги штити интересите на граѓаните. Споредбата со резултатите од 2017 покажува дека има намалување за 15,5 процентни поени (од 28,2% на 12,7%) во верувањето дека ги штити интересите на граѓаните. Ова може да се толкува како пад на довербата на јавноста во ДКСК во однос на примарната улога - да го штити јавниот интерес.

МЦМС ја Следеше на работата на ДКСК 18 месеци и ги информираше граѓаните за

неа. Предмет на интерес беа: постигнувањата, транспарентноста и отчетноста. За да ги приближи резултатите до граѓаните, МЦМС креира лесно читливи инфографици и видеа.

На тој начин, граѓаните и другите засегнати страни можеа да се запознаат со улогата на ДКСК во борбата против корупцијата и нејзиниот начин на функционирање . Во основа на овие визуелни форми на информирање се извештаите за работата на ДКСК.

Првиот е Извештај за состојбата го опфаќа периодот од 2006г. – 2015г. Тој понатаму служи како основа за споредба на податоците секое следно тримесечје. Исцрпните информации од извештајот се сублимирани во две и пол минутно видео за Ефектите од работењето на ДКСК . Резултатите од следењето на работата на ДКСК за периодот октомври - декември 2016г. како и резултатите од анкета се дел од Првиот квартален извештај .

МЦМС подготви четири квартални извештаи, за јануари – март , април – јуни , јули - септември и октомври - декември 2017 г. и истите ги сублимираше во две видеа „ Што сработила ДКСК во првите шест месеци од 2017 година “ и „ Кои се постигнувањата на ДКСК во второто полугодие од 2017 година “. Покрај тоа, постигнувањата во овие квартали се визуелизирани во четири инфографици ( 1 , 2 , 3 , 4 ).

За подготовка на извештаите се применува матрицата на индикатори која ја подготви МЦМС во соработка со Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија.

Секој извештај содржи заклучоци и препораки за соодветниот период. Дел од нив беа прифатени од страна на ДКСК што придонесе да се подобри работење во дел од областите во кои е идентификувано потфрлање. Според Розета Трајан, државен секретар во ДКСК,  неспроведувањето на дел од препораките е резултат на објективни и субјективни фактори и останува истите да бидат исполнети во иднина.



Подготовката на овие продукти беше дел од проектот „ Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата “ што го спроведува МЦМС, а финансиски беше поддржан од Британската амбасада во Македонија.